# ОПШТИНА ОХРИД

## Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2021ГОД Р1***

**од 01.01.2021год. до 31.12.2021год.**

**Охрид**
**24.02.2022год.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15 , 129/15, 39/16 и 99/18), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај :

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**

**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2021 година**

**за период од 01.01.2021год до 31.12.2021год**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2021 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период, подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата.Еден од посериозните проблеми во Охрид во летниот период претставува бучавата . Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко - системите и квалитетот на животот ;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената предлог - програма за заштита на животната средина и природата за 2021 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2021 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2021 година . Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2021год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи** | За реализација на проектот се предвидени средства во висина од 910.000, 00ден | Завршен проект |
| 2. | **Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на чинарот на локалитетот Воска на крстосницата меѓу ул. „Гоце Делчев“ и ул.„Бистрица** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 400.000,00 ден | Завршен проект |
| 3. | **Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2021година** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 1.200.000, 00ден | Завршен проект |
| 4. | **Изработка на Зелен катастар на подрачјето на општина Охрид во рамките на опфатот на Генералниот урбанистички план** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 1.000.000, 00ден | Завршен проект |
| 5. | **Одржување на станични сензори за следење на квалитетот на абиентниот воздух во општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 260.000, 00ден | Проектот не реализиран бидејќи статичните сензори не се префрлени во владение на општина Охрид од страна на Државен инспекторат за животна средина |
| 6. | **Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 500.000, 00ден | Завршен проект |
| 7. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Завршен проект |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (акција за собирање стара хартија во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот не се предвидени финансиски средства | Заради ситуацијата со ковид 19 проектот не се реализираше |
| 9 | **„Сакај го Охридското Езеро – единствено е во светот“носител на проектот е Здружение на граѓани „Нова Порта“ Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 150.000,00ден | Завршен проект |
| 10. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Завршен проект |
| 11. | **Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во Општина Охрид за 2022 година** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 20.000, 00ден | Заради ситуацијата со ковид 19 и енергетската криза проектот не се реализираше |

II – Финансиски дел за активности за период 01.01.до 31.12.2021 година
Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани вкупно 3,280,681.00 денари.